Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 42, став 5 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 50-та седница одржана на 30.06.2011 година донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Одлуката за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација бр.02-180/1 од 12.02.2010 година**

1. Во Одлуката за критериумите за распоредување на хартиите од вредност во еден од двата режими на тргување и соодветниот метод за класификација на Македонска берза АД Скопје бр.02-180/1 од 12.02.2010 година (во понатамошниот текст: Одлука за критериумите за распоредување), во точка 1, после алинеја 3, се додава нова алинеја 4 која гласи:
„хартиите од вредност кои имаат поддржувач на ликвидност".

2. Во Одлуката за критериумите за распоредување, после точка 7 се додава нова точка 8 која гласи:
„Хартијата од вредност за која ќе биде склучен договор за поддржување на ликвидност со членка на Берзата се распоредува во режим на континуирано тргување во рок кој е во согласност со договорот, при што за тоа Берзата ја известува јавноста."

3. Во Одлуката за критериумите за распоредување се врши соодветна пренумерација на останатите точки.

4. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките на Берзата и за истата да се информира јавноста.

5. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а се применува од 15.07.2011 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**